Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 70/0306
01.03.2019 год.
Скопје

27.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Даниел Калајџиески, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Телевизија „ТВ21“, со текстот насловен „Вознемирувачко видео: Возачот лежи исфрлен на улица, првите моменти од страшната несреќа во Ласкарци“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 7 и 8.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 февруари 2019 година, Даниел Калајџиески поднесе жалба за текстот со наслов „Вознемирувачко видео: Возачот лежи исфрлен на улица, првите моменти од страшната несреќа во Ласкарци“, објавен на 14 февруари 2019 година на веб и на „facebook“ страницата на Телевизија „ТВ21“ (www.tv21.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот и објавеното видео содржат неточно и нефер известување, нарушување на приватноста и отстапка во делот на почитување на личната приватност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „ТВ21“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизијата не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1, 7 и 8.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост“.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека текстот произлегува од јавниот интерес, но не во облик и на начин на кој е објавен на Телевизија „ТВ21". Автобуската несреќа во Ласкарци беше тест за новинарската фела да покаже професионалност, дискреција и сочувство со жртвите и повредените. Оттука, текстот со драматичен наслов и вознемирувачко видео, на кое се гледа повредено лице како лежи на асфалт, не може да се смета за етички новинарски производ, туку за чист сензационализам. Во тој контекст, Комисијата најде дека е прекршен членот 8 од Кодексот на новинарите, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Правото на јавноста да знае мора секогаш да се процени во однос на правото на личноста да ја зачува својата приватност. Во оваа насока, Комисијата се согласи дека авторот го прекршил и членот 7 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост. Отстапката од ова начело особено е нагласена во насловот од текстот:

***„Вознемирувачко видео: Возачот лежи исфрлен на улица, првите моменти од страшната несреќа во Ласкарци".***

Медиумите мораат да направат јасна проценка дали правото на јавноста да биде информирана преовладува над правото на личноста да ја заштити својата приватност. Медиумите мора да се воздржат од објавување снимки и фотографии кои ќе ја вознемират јавноста и семејствата на настраданите, во случајов роднините и блиските на возачот на автобусот. Затоа, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можела да загрози некоја друга личност. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Во продолжение, Комисијата утврди и дека се работи за недоволно проверена и потполна информација. Авторот на текстот, во случајов, не можел да знае и да тврди дека телото кое се гледа на фотографијата и видео снимката со сигурност е на возачот на автобусот. Ова од причина што информацијата и видеото се преземени од друг интернет портал, па затоа новинарот морал деталите да ги прими со резерва или да ги посочи како непотврдени, зашто од самата снимка не може да се утврди идентитетот на лицето. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Проверката на податоците се

морални императиви на новинарот и затоа тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

При одлучувањето, членовите на Комисијата го зедоа предвид и фактот дека „ТВ21“, очигледно воочувајќи ја грешката, во меѓувреме ја отстранила видео снимката од веб и „facebook“ страницата. Во случајов, иако ТВ21 ја има повлечено, односно избришано снимката од нивната веб-страна, таа веќе стигнала до голем број гледачи и читатели, а секако не се исклучува можноста таа да стигнала и до семејството на настраданиот, а тоа не е во никаков јавен интерес, напротив, претставува класичен сензационализам и додавање дополнителни чувства на тага и болка, кон веќе и онака страотната трагедија. Медиумите мора да се воздржат од објавување снимки кои дополнително ќе ја вознемират јавноста и семејствата на повредените и загинатите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „ТВ21“ (www.tv21.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595